*МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ*

Предлог на закон за изменување на Законот за кредитно биро

Скопје, ___.___. 2013 година

# ВОВЕД

## I.Оцена на состојбите во областа на кредитното биро и причини за донесување на законот

Со оглед на тоа што Законот за кредитно биро не предвидува вршење на постапка на посредување и порамнување, со предлог законот за изменување на Законот за кредитно биро, одредбата од член 47 став (2) се брише.

## II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Со предложените законски решенија се врши усогласување со Законот за прекршоците.

Предлогот на закон за изменување на Законот за кредитно биро се заснова на истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

## III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

За спроведување на законот што се предлага, не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Предлогот на Закон за изменување на Законот за кредитно биро нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## V. Усогласеност на предлогот на закон со правото на Европската Унија

/

## VI. Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон

П Р Е Д Л О Г НА ЗАКОН
за изменување на Законот за кредитно биро

Член 1

Во Законот за кредитно биро („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2008 и 24/2011) во членот 47 ставот (2) се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнување на примената на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.___/13).

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Со изменување на Законот за кредитно биро се врши усогласување со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. /2013).

Со членот 1 од Законот се предвидува бришење на одредбата од член 47 став (2) од Законот.

Во членот 2 се предвидува одложена примена на овој закон кој ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за прекршоците.

II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Одредбите кои се предлагаат во Предлог-законот се во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со измените на законот ќе се изврши усогласување со Законот за прекршоците.

ИЗВОД ОДРЕДБИ
од Законот за кредитно биро што се изменуваат

Прекршочни санкции
Член 47

(1) Орган за изрекување на прекршочните санкции предвидени со овој закон е надлежниот суд.

(2) Постапки за порамнување и посредување по одредбите на овој закон нема да се вршат.